20755


pres-kliping · press-clipping

1952 — 1972

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista

Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

18 03 73


СОРАБОТКА

# Денови на македонската култура во странство

## ГОСТУВАЊА И НАСТАНИ ВО ИТАЛИЈА, ЧЕХОСЛОВАЧКА, ИРСКА, АЛБАНИЈА

● **КОМИСИЈАТА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО** веќе располага и со соодветни можности да ги опредмети и во текот на оваа година целосно да ги реализира сите оние програмски набележувања што беа поставени како генералии и пунктови на една плодна и продлабочена културна соработка со странство. Информациите за одржани или пак за манифестациите што се во тек, потврдуваат дека таа соработка својата целисходност ја доживува преку конкретни резултати. Станува збор за настани чие значење се согледува во еден пред се организаторски и програмски континуитет, а секако и во најсуптилната сфера на оваа соработка — квалитетно претставување пред светот.

□ РИМСКИ ДЕНОВИ. — Во неколку наврати на овие колони стана збор за манифестациите што веќе го привлекле вниманието на определена културна средина во светот, или пак не посредно до овие дни го остваруваат тоа.

Една од манифестациите што се планира е и онаа посветена на годишнината на Кирил Солунски, веќе позната под насловот Римски денови. Традиционалната почит на гробот на овој словенски и македонски просветител, и овојпат ќе ги има познатите програмски димензии: покрај манифестантните настапи, планирани се и придружни приредби што овозможуваат поцелосно осмислување на содржината на оваа манифестација. Се планира и изложба посветена на триесет и шест современи македонски сликари, како и гостување на Камерниот ансамбл Света Софија од Скопје. Поради специфичноста на програмата, во составот на ансамблот ќе учествува и женска хорска група.

Ова всушност е само дел од планираното.